# Извадок на дел од дневни настани 07.06.2020

На 06.06.2020 во 11.00 часот во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје за време на забраната за движење го лишиле од слобода Ф.Д.(30) од Скопје бидејќи кај него била пронајдена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 06.06.2020 околу 15,30 часот во СВР Битола било пријавено дека на место викано „Стрчин" удрил гром во штала сопственост на Т.Е.(47) од Битола и настанал пожар при што шталата и добитокот кој бил во неа изгореле. Пожарот е изгаснат од противпожарната екипа од Битола. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Битола.

На 06.06.2020 во СВР Скопје било пријавено дека во 15,40 часот во близина на бензинска пумпа во с.Студеничани,скопско полициски службеници од СВР Скопје за време на забраната за движење додека извршувале редовни работни задачи го застанале И.Ш(22) од с.Студеничани кој управувал патничко моторно возило„лада самара" со скопски регистарски ознаки и при обид за негово легитимирање истиот се обидел да избега и физички нападнал еден од полициските службеници, по што бил лишен од слобода. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 06.06.2020 во 09,00 часот во СВР Битола, Ж.М. од с.Пашино Рувци-Кривогаштани пријавил дека во сопствениот двор при вршење на земјоделски работи, пронашол една неексплодирана граната кал.75мм од Првата Светска војна. Експлозивната направа е подигната од стручни лица од Дирекцијата за заштита и спасување Битола за понатамошна постапка.

На 06.06.2020 во 18.20 часот во с.Добридол, полициски службеници од Полициско одделение Галате го лишиле од слобода З.М.(45) од с.Добридол поради постоење на основано сомнение дека сторил кривично дело„загрозување на сигурноста".На 06.06.2020 во 14,00 часот во СВР Тетово, Х.Ш.(33) од с.Градец, пријавил дека додека се движел со патничко моторно возило„шкода" со гостиварски регистарски ознаки по локален пат за с.Добридол, на место викано„Цација", при разминување со патничко моторно возило„бмв" со непознати регистарски ознаки управувано од З.М. истиот му упатил закани по живот. Потоа за краток временски период пријавителот на неговиот телефон од непознато лице добил закани по неговиот живот. По кажување на пријавителот и претходно добивал закани од З.М. Подоцна во 15.30 часот, Е.Д.(40) од с.Неготино, пријавил дека по претходно расправија бил физички нападнат од З.М. По наредба на јавен обвинител пријавениот е задржан за понатамошна постапка.Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.06.2020 во 09,46 часот во СВР Битола, било пријавено дека во период од 03.06 до 06.06.2020, непознати лица влегле внатре и извршиле тешка кражба вомanастиротот„Успение Пресвета Богородица" во атар на с.Суводол, во манастирот„Св.Тома" во атар на с.Граиште, и во црквата„Константин и Елена" во атар на с.Вардино-Демир Хисар, при што одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случаите.

На 07.06.2020 во 05,34 часот во СВР Скопје било пријавено дека во комплекс клиники „Мајка Тереза" бил донесен повреден П.С.(65) од с.Црешево,скопско, кој по кажување на неговата сопруга и ќерка се здобил со повредите(изгореници) во дворот од нивната куќа. На местото на настанот излегле полициски службеници од СВР Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.06.2020 во 11,14 часот во Полициска станица Гостивар, П.Л.(52) од Гостивар пријавил дека на 04.06.2020 околу 07,00 часот од семејниот дом на ул.„Никола Тесла" во Гостивар се оддалечил неговиот брат С.Л.(49). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 07.06.2020 во 04,20 часот, полициски службеници од Полициска станица Виница за време на забраната за движење го лишиле од слобода В.Ф.(23) од с.Кадино,скопско, поради постоење основано сомнение дека сторил кривично дело„предизвикување општа опасност". Според пријавеното, В.Ф. испукал пет куршуми од пиштол во воздух во село Блатец. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.06.2020 во 00.40 часот  во с.Драчево, полициски службеници од СВР Скопје за време на забраната за движење го лишиле од слобода А.А.(22) од Скопје бидејќи постои основано сомнение дека сторил кривично дело„тешка кражба" и при претрес кај него биле пронајдени предмети кои потекнуваат од кривичното дело. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 06.06.2020 во 12.30 часот на ул.Жан Жорес , полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Б.Г.(36) од Скопје бидејќи по претходна расправија физички ја нападнал Н.М.(31) од Скопје со која бил во врска. По целосно докумнетирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 06.06.2020 во 20.10 часот на ул. Народен фронт, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода Ф.Д.(55), Ф.Д.(33), А.П.(40) кои биле во алкохолизирана состојба и Ч.Д.(64) сите од Скопје бидејќи при постапување по претходна пријава за гласна музика истите го нарушиле јавниот ред и мир и агресивно се однесувале кон полициските службеници.

На 06.06.2020 во 17,30 часот во Полициска станица Куманово, Љ.О.(20) од Куманово пријавил дека околу 14,00 часот на ул. Трајко Јовановски во Куманово по претходна расправија бил физички нападнат од А.О., Х.О., О.О. и П.О. сите од Куманово.Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.06.2020 во 16.25 часот во Полициска станица Прилеп, Х.Б.(28) од Прилеп пријавил дека околу 16.00 часот во продавница во „Катна гаража" кај поранешна автобуска станица во Прилеп  бил физички нападнат од М.Н. од Прилеп. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.06.2020 во 07,00 часот на крстосница од магистрален пат Гостивар-Кичево, ул,,ЈНА, и локален пат за с.Здуње се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило„фиат" со гостиварски регистарски ознаки управувано од А.М.(56) од Гостивар и товарно моторно возило„мерцедес" со гостиварски регистарски ознаки управувано од М.С.(56) од Куманово. По незгодата возачот на патничкото моторно возило со возило  на итна медицинска помош бил пренесен во Ургентен центар Гостивар  каде од доктор му се констатирани тешки телесни повреди. За настанот е запознаен јавен обвинител. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Тетово.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет